*Врз основа на член 20 од Законот за технолошки индустриски развојни зони ("Службен весник на Република Македонија" бр. 14/07, 103/08, 130/08, 139/09, 156/10, 127/12, 41/14, 160/14, 72/15, 129/15, 173/15, 192/15, 217/15, 30/16, 83/18 и Службен весник на РСМ бр.13/23), Статутот на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони и Деловникот за работа на Управниот одбор на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони, Управниот одбор на Дирекцијата за Технолошки индустриски развојни зони на својата сто педесет и петата редовна седница одржана на ден 14.02.2024 година донесе:*

# ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА КОРИСТЕЊЕ И УПРАВУВАЊЕ СО СЛУЖБЕНИ ВОЗИЛА НА ДИРЕКЦИЈАТА ЗА ТИРЗ

Член 1

Во Правилникот за користење и управување со службени возила на Дирекцијата за ТИРЗ бр. 01-142/1 од 20.01.2017 год. во членот 2, членот 4, став 2 и членот 6 став 1, зборовите "Република Македонија" се менуваат со зборовите "Република Северна Македонија".

Член 2

Во членот 3, по ставот 4 се додава нов став 5 кој гласи:
"Користењето на приватни возила за службени цели не е дозволено".

Член 3

По членот 3 се додава нов член 3а кој гласи:
"Директорот на Дирекцијата назначува одговорно лице за возниот парк чија обврска ќе биде:

- Изготвување на сите обрасци кои ќе се употребуваат во процесот на управување и следење на користењето на службените возила,
- Координација и распоред на користењето на службените возила,
- Одржување на возилата,
- Следење на примената на интерниот акт за користење на службените возила,
- Редовно известување за користењето на службените возила итн."

Член 4

Во членот 8, став 3 зборовите "Раководителот на ТИР Зоните" се менуваат со зборовите "Раководителот на секторот за Управување, стопанисување и одржување на зони и односи со корисници".

Член 5

Во членот 9, став 3 и став 4 зборовите "Раководителот на секторот за Општи работи" се менуваат со зборовите "Раководителот на секторот за општи, нормативни работи и јавни набавки", во став 6 зборовите "Секторот за финансиски прашања" се менуваат со зборовите " Одделение за финансиски прашања".

Во членот 9 став 5 се менува и гласи: "За секое службено моторно возило одговорното лице за возниот парк ќе води дневник, во кои се внесуваат основните податоци за возилото и тоа: Дата на производство, Дата на извршени технички прегледи и сервиси, какви поправки му се вршени на возилото, кога е извршена замена на гуми, тип на гума, со каков

алат и опрема располага возилото, потрошувачката на гориво, масло, дата на менување на маслото и слично. "

Член 6

Ова Упатство важи од денот на негово донесување.

Претседател на Управен одбор
Џелил Ахмед

INTERCERT CERTIFIED ISO 37001 ABMS
INTERCERT CERTIFIED ISO 9001 QMS